Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

**Архивски број: 15-4739/2**
**Скопје, ____________ 2020 година**
18 -09- 2020
**До:**

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

На ден 10.09.2020 година, заведено под број 15-4739/1 во Министерството за економија пристигна вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, во кое се бараат следните информации:

„1) Според член 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 до сега дали сте ја искористиле можноста за користење на овие средства и тоа:
Дали сте барале и користеле од *постојната* буџетска резерва и во која висина (пресек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?
Дали истите се зголемиле со *прераспределба*, за вас како буџетски корисник, ако да во која висина?
Дали сте барале и користеле од *тековната* буџетска резерва и во која висина (просек до најнов достапен со наведување на датум 31/08/2020)?

2)Дали како резултат на пандемијата со Ковид-19 како буџетски корисник од прв ред, сте вршеле јавни набавки со постапки кои се надвор од „вообичаените" постапки за јавни набавки (поради вонредни ситуации, епидемии, итност и сл.)? Ако да ве молиме наведете за што, и во која висина? Каква постапка е користена?

3)Дали сте користеле други механизми за распределба и трошење буџетски средства во услови на вонредни и непредвидени ситуации како резултат на Ковид-19? Ако да, ве молиме наведете кои?"

По однос на Вашето барање, Министерството за економија ве известува за следното:

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

1) Согласно членот 11 од Законот на буџетите, а во рамки на централниот буџет се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна резерва, во текот на 2020 година Министерството за економија нема искористено од овој вид на средства.

2) Владата на 54- та седница одржана на 17.05.2020 година донесе Трет сет на економски мерки за рестарт на економијата во услови на КОВИД 19 Кризата и донесе Заклучок со кој се задолжува Министерство за економија да достави до Влада на Република Северна Македонија Уредба со законска сила за финансиска поддршка за поттикнување на домашен туризам преку ваучери од 6.000 денари, со цел поддршка на домашен туризам и надминување на ефектите од Корона кризата како и ревитализацијата и опоравување на економијата и стимулирање на на потрошувачката на социјалната исклучивост на лица со ниски примања и стимулирање на развојот на домашниот туризам во република Северна Македонија. На ден 30.05 2020 година "Службен весник бр. 141„ е донесена Уредба со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба. Согласно член 6 точка 5 од горенаведената Уредба, се задолжува Министерство за економија во рок од 15 дена да активира интернет платформа (софтверско решение) за реализација на на мерката. Заради спроведување на мерката, Министерство за економија изврши Јавна набавка „Подготовка на софтверско решение - Платформа за издавање на ваучер за работници со ниски примања„.
За ова јавна набавка, користена е постапка со преговарање без објавување на оглас во вредност од 987.000 денари.

3) Министерство за економија нема искористено други механизми за распределба и трошење на буџетски средства во услови на вонредни ситуации како резултат на Ковид 19.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

Изработил/Përpiloi:Верица Поп Ѓорчева, Verica Pop Gjorcheva
Контролирал/Kontrolloi: Елисавета Миновска, Elisaveta Minovska
Одобрил/ Aprovoi:Билјана Мицковски, Biljana Mickovska
Fatmire Hoxha, Фатмире Хоџа
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски, Zoran Pavllovski